Виолета АЧКОСКА

# СУДИРОТ СО ИНФОРМБИРОТО И НЕКОИ ТЕКОВИ ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО (1948–1998)

"Информационото биро на комунистичките и работничките партии (Коминформ)" т.е. Информбиро[1] се формира во годините по Втората светска војна заради поцврсто меѓународно поврзување на комунистичките партии под раководството на Советската партија (КПСС), но официјално, неговото формирање беше објаснето со потребата да се врши подобра размена на искуствата и да се олесни поефикасна координација на заедничките акции на комунистичките партии. Набрзо оваа организација беше претворена во институционална и организациона рамка на судирот на КПЈ со КПСС односно на советско-југословенскиот конфликт во 1948-та. Овој конфликт, помеѓу другото, играше една од поважните улоги во одвивањето на општествено-политичките процеси во македонското општество, чии реперкусии ги расчистуваме до денеска.

Неполната деценија од постоењето на Информбирото (ИБ) е исполнета со жестока кампања против Југославија и КПЈ на надворешен план и барање приврзаници на внатрешен план[2]. Сето тоа се случуваше во кра-

[1] Формирано при крајот на септември 1947 година во малото полско место Скларска Поремба, Информбирото се состана по втор пат во 1948 во еден букурешки дворец за да ја изгласа Резолуцијата за состојбите во Комунистичката партија на Југославија (Г. Д. Влахов, *На пресвртница, како ја видов и доживеав 1948*, НИО "Студентски збор", Скопје 1990, 46). Резолуцијата беше објавена во весникот "Борба" и на тој начин е осуетена акцијата на ИБ да ја растури во вид на брошура во Југославија (Види: *Резолуција Информационог бироа комунистичких и радничких партија о стању у Комунистичкој партији Југославије*, "Борба", 30 јун 1948 год.). Трет и последен пат, ИБ се состана во унгарското градче Марта, во ноември 1949, кога е усвоена Втората Резолуција за Југославија во која за југословенските комунисти се зборува како за фашисти (*Втора Резолуција на ИБ*, С. Кржавац, Д. Марковиќ, *Информбиро што е тоа*, "Комунист", Скопје 1976, 222-227). Без да одржи други состаноци, Информбирото е распуштено во април 1956 година.

[2] Според некои податоци, за Резолуцијата на ИБ во ФНРЈ се изјасниле 55 343 членови на КПЈ, од кои 14 500 земјоделци, работници, студенти и ученици, 21 880 учесници во НОВ (1673 носители на "Партизанска споменица 1941"), 4153 активни припадници на ЈНА, 1722 припадници на органите за внатрешни работи, 2616 членови на разни тела и раководства на КПЈ и 1189 функционери и членови на Собранието и неговите тела (*Izvori za istoriju SKJ, Sednice centralnog komiteta KPJ 1948-1952*, "Komunist", Beograd 1985, 719).

јно неповолни услови за Југославија и за Македонија, кога беа на повидок сите воени последици[3]. Истовремено, до 1948 година, југословенскиот државно-партиски врв политички и економски речиси целосно се потпираше врз Советкиот сојуз и врз земјите на "народната демократија" односно источно-европските земји. По оваа година, Југославија наеднаш остана изолирана, осамена, без пријатели и сојузници[4] на надворешен план, додека на внатрешно-политички план се случуваа големи преломи: идеолошки чистки, Голи Оток, кршење на законитоста, самоволие, политичко насилство, радикализација на аграрната политика (форсирана колективизација), пропаѓање на минималните шанси за обединувањето на македонскиот народ. Од 1948 г. Македонија се најде заокружена со речиси најзатворените граници во современа Европа[5]. Со, до занемарлив степен се сведе физичката и духовната комуникација помеѓу поделениот македонски народ на Балканот[6].

Општата несигурност и страв под сеништата на бројните логори и истражни затвори е сивото секојдневие на политичкиот живот во Македонија во годините 1948-1956. Во општата кампања на гонењето на "информбировски"[7] и бројни други етикетирани "непријатели" на КПЈ-КПМ, беа тргнати од јавната сцена, политички ликвидирани или изолирани т.е. настрадаа бројни македонски дејци, оние кои не се помируваа со нецелосно решеното македонско прашање[8] или оние кои не поседуваа

---

[3] Тоа е период во кој пред ФНРЈ претстоеле тешки задачи какви што биле: надминување на воените штети, зацврстувањето на новата власт и доизградување на државната структура на власта, спроведување на нови економски мерки на патот на зацртаната комунистичка проекција на општесвото (експропријација, национализација, планско стопанисување, "социјалистичка преобразба на селото", описменување, создавање на културно-просветни и други институции итн.).

[4] Советската влада одлучила да ги повлече своите воени советници и инструктори (18.3.1948) со мотивација дека се "опкружени со недружељубие", како и цивилните стручњаци (19 март), заради тоа што им било забрането добивање на поверливи информации (Arhiv Republike Slovenije, f: Rodbinski fond Edvard Kardelj, 162/613, Prepiska između CK SKP (b) i CK KPJ i Rezolucija Informbiroa).

[5] Димитър Влахов, *До Георги Димитров, претседател на Министерския съвет на Народна Република България*, Скопие 1948. (Напишано во Белград на 27.9.1948 година)

[6] Стотици примери зборуваат за потресните семејни драми на македонските семејства кои останале затворени зад разните државни граници на Балканот. Така, на пример, Чедомир Лакоски од с. Радожда се сеќава дека неговата сестра се омажила во Подградец во 1948 г. и цели три децении не ја виделе иако живееле на неколку километри од родното село. По три децении, со специјална дозвола на албанските власти таа успеала да дојде на куса посета кај своите во Радожда. Семејната средба била потресна зашто сите ја испратиле како млада мома, а ја виделе повторно како баба на бројно семејство.

[7] Судбината на Богоја Фотев, првиот министер за земјоделство во Асномска Македонија, ги отсликува траумите на времето и личните драми на луѓето кои не можеа преку ноќ да се променат и да се откажат од "големиот брат" - Советскиот сојуз.

[8] Уште во 1945 г. биле следени "појавите на сепаратизам", при што ЦК КПМ го

"доволна доза на покорност" кон Титовиот режим и неговите претставници во партиската хиерархија[9].

Голи Оток (или Мермер), формиран на 9 јули 1949 година, стана симбол на свирепоста и апсурдот на еден систем, кој во името на човекот го газеше човекот, а за македонската историографија долго време беше една од постојните табу-теми. Денес вистината за Голи Оток е обелоденета, меѓутоа бројните репресирани сè уште одбиваат да ја кажат својата вистина за логорската голгота[10].

Низ судските досиеја можат да се најдат имињата на оние што биле упатени на "општествено превоспитување", но не се знае точно за многу,

---

известува ЦК КПЈ и ги посочува следните носители на "сепаратизмот": Апостолски, Влахов, Ченто, Соколов, Венко Марковски, Пирузев, Чучков, Глигоров. Притоа "некои поотворено, а некои закамуфлирано ја напаѓаат линијата на ЦК на Партијата на Македонија. Тие сметаат дека во Македонија не постои опасност од сепаратизам и шовинизам, дека има премногу апсења и смртни пресуди во Македонија, иако оние кои се судени биле токму тие кои ја сакаат сепаратистичка Македонија, одвоена од Југославија ... Понатаму удираат на партијата заради неправилната кадровска политика. Имено, тие се речиси сите преместени во Белград, а сметаат дека не би смеело да бидат одвоени од Македонија..." (А СК SKJ, III С/8, СК SKOJ-a, Централном комитету СКОЈ-а, Београд, 7.11.1945). Властите, исто така, повеќекратно евидентирале групи "непријателски настроени ученици", на "линија на ВМРО", во Велес, Скопската машка гимназија, Струмица, Охрид, Прилеп, Ресен итн., за кои забележале дека се "самоникнати" и дека иницијатори се самите ученици (А СК SKJ, III В/14, СК SKOJ-a, Centralnom komitetu SKOJ-a, Beograd, Предмет: Извештај о неким главним питањима непријатељске активности међу омладином, 26.7.1947).

[9] Многу од луѓето насрадаа и заради волунтаризмот, самоволието и примитивизмот на новите претставници на власта кои брзо напредуваа во државно-партиската хиерархија. Трпе Дејкоски од с. Вевчани, кој никогаш не се определил за ИБ, ниту неговиот вујко Филип, инаку партизанско семејство од с. Вевчани, вклучени во револуциуонерното движење пред 1941 г., без вина, заради лични мотиви на "народните претставници" беа упатени на Голи Оток (Сеќавања на Трпе Дејкоски од с. Вевчани, снимени на лента).

[10] Науката сè уште со скромен успех навлегува во сите детали на психологијата на тоа време и на психологијата на луѓето задолжени за рехабилитација - "општествено превоспитување" на своите довчерашни другари. Нивната свирепост, бруталност, ниски побуди (да се истакнат пред претспоставените и да напредуваат во службата), идеолошка заслепеност, примитивизам и слепо потчинување на директивите од повисоките места како да постапуваат со "предавниците", оставиле тешка историска траума. Во својата книга "Власт", Милован Ѓилас пишува: "Тоа престрого, неодмерено и безобѕирно постапување е последица на ставот дека треба коминформизмот од корен да се откорне". "Тој став не го одредил никаков форум. Го одредил Тито кој бил највисок, ако не и единствен форум, особено за такви прашања. Тито од советското, сталинистичко искуство, а исто така и од сопствените желби и амбиции, знаел дека по Револуцијата може и него и државата да ги загрози единствено внатре партиската комунистичка опозиција. Тито тогаш, во есента 1948 година, викал, и тоа не еднаш или случајно: "Во апс! Во логор! Ами што! кога сакаат да служат на други против својата партија" (Цитирано според: Душан Живковиќ, *Година 1948 и њене последице, "Други свјетски рат - 50 година касније"*, II, ЦАНУ, САНУ, Погорица 1997, 422).

многу поголемиот број луѓе што поминале низ рацете на истражните органи, зад кои не останала никаква пишана трага или трагите се уништени[11].

Од осудените лица во 1948 година на Голи Оток биле упатени 820 казненици од Македонија. Во 1951 година починале пет лица, чие место на закопување е непознато, а на гробиштата во Риека, Хрватска биле закопани уште четворица Македонци починати на Голи Оток. По линијата на ИБ, во отсекот за казни при ДСВР на НРМ во 1951 година заведени се уште 17 лица, а во 1952/53 година заведени се 84 лица, но нивниот број не е целосен[12].

Голооточката голгота ја поминаа и Петре Пирузе-Мајски[13] и Димче Аџи Митрески и ред други видни национални дејци, кои не можеа да веруваат дека "оној за кој си готов да го дадеш својот живот, така сурово, без вина ќе те измачува и ќе стане твој џелат.."[14]. Петре Пирузе беше во гупата на оние луѓе кои беа упатувани во логорите и затворите без пресуди и судења, директно од партиските, удбашките или истражните канцеларии.

Велешанецот Панко Брашнаров, најстариот делегат на Првото заседание на АСНОМ, потпретседател на Президиумот на АСНОМ, повереник на Повереноството за информации при Президиумот на АСНОМ и член на Президиумот се до 11.12.1950 година, одговараше според Законот за кривични дела против народот и државата. Во летото 1951 година (29.06.1951), по повеќемесечни иследувања во Истражниот затвор, 68 - годишниот Панко Брашнаров, крајно исцрпен, бил доведен во логорот на Голи Оток каде што набрзо починал[15]. Низ зачуваните документи во Министерството за внатрешни работи околу затворањето и иследувањето на Панко Брашнаров, во неговите изјави пред истражните органи, стои дека "со избивањето на спорот, запознавајќи се со

[11] Димче Аџи Митрески наведуваше дека, покрај Голи Оток, постоеле уште 23 логори и затвори, а биле репресирани околу 450.000 луѓе без нивните семејства кои доживеале посебни тортури.

[12] Списоци на политички осуденици од Македонија осудени за време на Информбирото 1948 год., Државен секретаријат за внатрешни работи - Кабинет на Македонија; Види поименично: С. Циков, *Македонија во комунистичкиот триаголник*, "Ѓурѓа", Скопје 1993, 220-276.

[13] Според сеќавањата на Димче Аџи Митрески, на Голи Оток Пирузе бил ставен "под ќебе", што значи под постојана истрага и измачување.

[14] Димче Аџи Митрески, *Сеќавања за настани и личности од македонското револуционерно движење*, избор, предговор и редакција Кузман Георгиевски, ИНИ, ММ, Скопје 1997, 266.

[15] Панко Брашнаров починал на 13 јули 1951 година, а неговите коски почиваат во една од групните гробници на овие злогласни јадрански острови. Неколку преживеани очевидци, затвореници од Голи Оток, даваат различни податоци за неговите последни мигови и за местото каде почиваат останките на Панко Брашнаров.

Резолуцијата и писмата на КПЈ" Брашнаров зазел "негативен став по однос на ставот на ЦК КПЈ"[16] сакајќи да обелодени повеќе вистини околу судирот кој бил многу еднострано прикажуван низ југословенската агитација[17].

Меѓу позабележителните личности кои се изјасниле за Резолуцијата на ИБ е и името на Павел Шатев, еден од водечките државни раководители во НРМ до 1948 година. Иако соработник во Советската разузнавачка служба подолга низа години, она што е основна нишка во таа дејност на Шатев е неговото инсистирање "за комплексно разрешување на македонското национално прашање и реска разграниченост меѓу национално-патриотската потреба и класно-комунистичката идеологија внатре во него, како и националното и политичкото разграничување од сите македонски фактори"[18].

Во тие години на притисокот на ИБ, но и подоцна, политичкиот и општествениот живот е под целосна контрола на Партијата, при што перманентно се репресира каква и да е пројава на понагласено национално искажување. Силната репресија, неоснованите казни, бруталноста врз обвинетите во истражната постапка и во затворите, создавањето на цел еден систем на доушници, се користеле во рамките на политиката на пре-

---

[16] Кон крајот на 1949 година, меѓу другото, Брашнаров, заедно со Никола Вражалски и Ѓорѓи Василев, основале "информбировска илегална група, со цел за нелегална работа (пр)отив партиското и државно раководство, које државниот кораб го отцепи од социјалистичкиот блок и не тера во капиталистички води" (Записник, од сослушувањето на Панко Тодоров Брашнаров, работен на 16.12.1950 година во Истражниот затвор при УДБ за Македонија).

[17] Истовремено, Брашнаров се обидел материјано да помогне одделни семејства на затворени "Информбировци" од Велес, кои останале без никаква егзистенција. За тоа, при сослушувањето Брашнаров изјавува: "... Така му дадох 3.500 динари на лицето Ангел Мирчевски од Титов Велес, за да ги помогне некој семејства од Титов Велес. Покасно истиот беше хапсен по линијата на ИБ. По това се сретнав со лицето Ангел Тодоров Чучуковски од Титов Велес, звани Аче, и му оставих задатак да пронајде илегален стан за сместување на писаќа машина и одкуцавање на летоците... Напоменувам дека парите 3.500 дин. Ангел Мирчевски му ги предал на Аче за да ги распредели на некој семејства, за кое ми самиот Аче рече при нашето срекавање во Титов Велес..." (Записник, од сослушувањето на Панко Тодоров Брашнаров, работен на 16.12.1950 година во Истражниот затвор при УДБ за Македонија).

[18] Имено, Павел Шатев е длабоко уверен дека македонското националноослободително движење мора да остане чисто национално и самостојно, да биде вон идеологијата на комунистичките партии и туѓите влијанија што, од друга страна, не ја исклучуваше соработката со балканските комунистички партии, особено со бугарската и југословенскта, бидејќи неговата основна преокупација е да создаде општо национално ослободително движење во сите три дела на Македонија" (В. Весковиќ - Вангели, *Павел Шатев и македонското национално прашање* (според записниците од сослушувањето во УДБ-а), *Зб. Павел Шатев, време-животот, дело (1981-1951)*, ИНИ, Собрание на Кратово, Скопје 1996. 87).

насочувањето на националната идентификација на Македонија кон Југославија преку комунистичката идентификација[19].

Судените за ИБ или повратниците од Голи Оток и другите логори, во Македонија со децении беа луѓе со “дамка”, жигосани како “непријатели” и бојкотирани во многу средини[20]. Тие беа “ставени” под присмотра, нивното однесување следено, посебно на оние кои како “превоспитаниѐ требало да се вратат во партиските редови. Партиските организации на теренот, во духот на социјалистичката статистика за евидентирање “на сѐ и сешто” педантно го воделе бројот на “превоспитаните”, нивното “држење” (дали се активни или “замолчани”) и поднесувале постојани извештаи до Комисијата за ИБ проблеми при ЦК на СКМ. Така, во партиските извештаи на СКМ, до средината на шеесеттите години, луѓето обележани “за непријателска дејност на линија на ИБ”, биле “подредувани” - класифицирани во повеќе категории, а зависно од мислењето на контролните партиски комиси при околиските комитети на СКМ, а “во тесна соработка со органите на СВР” (Службата за внатрешни работи), можеле да бидат прегрупирани “од потешки кон полесни категории”[21]. На крајот, дел од нив добивале шанси за “повторен прием во Сојузот на комунистите”[22], но речиси никогаш до крај не биле рехабилитирани.

Политичката пресија и идеолошка чистка беше проследена со истовремено нарушување на *принципот на демократскиот централизам* внатре во КПЈ-КПМ, но и во СКОЈ. Некогашната редовна точка на дневниот ред на партиските состаноци “Критика и самокритика”, му даваше право на секој член секого да го прашува. Тоа беше начин за градење искрени другарски односи во Партијата. По објавувањето на Резолуцијата на ИБ во 1948 година, стануваа сомнителни сите што прашуваа. Другарските и искрени односи беа заменети со страв и

---

19 Види: Димитар Димитров. *Меѓу тоталитаризам и демократија,* Македонска книга, Скопје 1994,180-185.

20 Во една информација од почетокот на шеесеттите години, Мито Теменугов пишува: “Сега во последно време мало по е променет односот према овија кој се биле во затвор или на друг начин афирмирани по ИБ. Со нив по рано скоро никој не говореше ни се поздравуваше, беја буквално бојкотирани нарочито од раководните фактори, а имаше и такви појави да некој и ако сака со нив да се сретне, да се поздрави или нешто сосем друго разговара не се одлучуваше и бараше место да се сретне да не го некој види оти проговорил со информбираш...Значи према информбирашите општо е карактеристично да се биле, па и уште се бојкотирани, изолирани и голем дел тија не се активизирани во јавниот политички живот на наша линија (АМ, п. о. Велес, ф: Околиски комитет - Т. Велес, к-13, Информација за држењето и работата со лица кој се биле по ИБ затворани, судени, повикувани и др.)( веројатно 1962/63).

21 АМ, п.о. Велес, ф: Околиски комитет - Т. Велес, к-13, Предмет: извештај за 1962 год. по ИБ-е проблеми, До ЦК на СКМ, Комисија за ИБ проблеми, 17.1.1963.

22 АМ, исто, ЦК СКМ до Околискиот комитет на СКМ - Т. Велес, 18.12.1963 (бара извештај за ИБ-проблеми).

сомнежи. Наместо демократскиот централизам во практиката беше воведена автократска власт. Партиските состаноци се претворија во места каде што се прифаќаше "линијата на партијата" идентификувана со јавните говори на Јосип Броз Тито и најтесното сојузно раководство. Истовремено, многу од видните дотогашни предводници на Револуцијата, со години воспитувани во духот на негување доверба и љубов кон Советскиот сојуз, беа тргнати од јавниот живот. Беше направена смена на кадрите и на членството на Партијата. Наместо луѓето со идеали, примени се десетици илјади нови членови од кои голем дел беа политички калкуланти и слепи послушници заради остварување на сопствените амбиции. Воспоставената практика на квази демократија егзистираше речиси и по смртта на Јосип Броз Тито. "*И по Тито -Тито*" беше фразата со која се бараше криење зад авторитетот и продолжување на егзистенција на системот на лажна демократија и лажни вредности. Тоа беше последниот обид да се задржи еднопартиската власт и закостениот бирократски систем. Расчекорот помеѓу прокламираните демократски права и ветената благосостојба, од една страна, и недемократската практика и социјална беда, од друга, од ден на ден се ширеше за да на крајот од 80-те години избијат на површина нараснатите стремежи за промени и вистинска демократија.

Така, иако по судирот со ИБ, во Југославија засилено се пробиваше и настојувањето, во идеолошката сфера КПЈ да се ослободува од советското влијание, свртувајќи се повеќе кон проучувањето на сопственото историско искуство и сопствената традиција, монолитизмот во однос на култот на Јосип Броз не смееше да биде нарушен. Неговото гесло "Јас го почитувам секој човек" можеме да го гледаме и како пародија на вистинската положба на човековите права и слободи во однос на изборот на какви и да било други алтернативи освен единствената - Титовата опција.

Одржувањето на Првиот конгрес на КПМ во 1949 година ја означува еуфоричната атмосфера на прифаќањето на директивите на Петтиот конгрес на КПЈ одржан претходната година. Истовремено, Политичкиот извештај ЦК КПМ на овој прв партиски македонски конгрес, станува рамката во која можеле да си дозволат слобода на искажување поголемиот дел од првите македонски историографи. Од историчарите кои имале посебно место во формирањето на свеста, не само на младите генерации, посебно се барала "партиска" чистота и нивно целосно посветување на воздигнувањето на славата на Тито и Партијата[23]. Партијност

[23] Нешто слично се случувало и во литературата: нејзиното непосредно служење на "Револуцијата" се покажало како спротивно на литературата, барем во првите години по НОВ, за потоа, наспроти апологетскиот однос кон носителите на Револуцијата, да почнат да се јавуваат критички интонации (Д. Димитров, *Револуција и литература,* интерен материјал, Републички центар за идеолошко-политичко образование и студии, Скопје 1971).

се бара насекаде - во образованието, науката, на полето на културата и уметноста итн.[24]

Сепак, во Првата половина на педесеттите години, и покрај партискиот монополизам, веќе се чуствуваат некои нови ветрови во науката, културата и уметноста. Во Македнија се јавува наплив на нови генерации творци кои не можеа повеќе да останат во рамките на "социјалистичкиот реализам"[25]. Како висок функционер во КПМ, Крсте Црвенковски се залага за слобода на творештвото, сметајќи дека "социјализмот е таков систем што треба да овозможи секому до крај да ги манифестира своите способности"[26]. Меѓутоа, во практиката, ставот кон интелектуалците и творците кои требало да бидат "мозокот" на новиот општествен развој и на позитивните промени во општеството тешко се менувал. Луѓето "интелектуалци" што размислувале самостојно и кои имале свои ставови кон национално-ослободителната борба на македонскиот народ[27] и кон сите прашања од општествено-политичкиот живот на државата и кои не поседувале доволна доза на "покорност", му сметале на југословенскиот ЦК, во "унифицирање" на Револуцијата во сите делови на тогашна Југославија како етапа кон создавањето на интегрално југословенство.

Судирот со ИБ предизвика тешки последици и на економски план со оглед на фактот што планираната стопанска експанзија на ФНРЈ во голема мера се базираше врз советската помош и помошта на другите источно-европски земји. Петгодишниот план за развој на народното стопанство на ФНРЈ донесен во април 1947 г. по угледот на советското

---

[24] Така, на пример, дури и на ликовните творци им се сугерира дека V Конгрес на КПЈ и I Конгрес на КПМ ги определиле најважните задачи кои стојат пред творештвото на нашата уметност - преку борбата со аполитичноста, непријателските буржоаски влијанија, "против идеалистичките разбирања и мистиката", поставувајќи апсолутна задача за партијност во културата и уметноста, за создавање вистинска уметност (Славко Јаневски, *Четврта изложба на уметниците во Македонија*, "Нов ден", 3, 1949).

[25] Така, Коле Мангов, во своето дело *Во одбрана на македонскиот национален идентитет* (НИП "Голбус", Скопје 1998, с. 185-188), сеќавајќи се на 1971-та година пишува за огорченоста на Живко Чинго, зашто "во тогаш силно влијателните средини се кренал шум против неговата книга "Големата вода" како за "нешто" проти тогашниот востановен ред на нештата...". Подоцна, ова дело на Чинго беше еден од најубавите мисионери на современата македонска проза во Европа, а за него, неподелено, ласкави оценки дадоа бројни европски критичари, како дело против ограничениот дух, против слепата послушност, против крутиот бирократски третман на луѓето, а за вечниот и неуништив копнеж на човекот за слобода.

[26] К. Црвенковски, *Демократија и култура*, Разгледи 2/1954.

[27] Одделение за документација при ИНИ, Сеќавања на Ковачева Протугер Ратка, "1945-та година во Охрид, погледната од посебен агол" инв. бр. 2.180/90; В. Ачкоска, *Кузман Јосифовски - Питу во сеќавњата на Светозар Вукмановиќ - Темпо*, Зб. *Кузман Јосифовски - Питу, време - живот - дело , 1915-1944*, ИНИ, ДНУ Прилеп, Скопје 1995, 365-378; В. Ачкоска, *Петре Пирузе Мајски и сталинизмот во Југославија*, Зб. *Петре Пирузе Мајски - време, живот, дело (1907-1980)*, ИНИ, Скопје 1997, 157-164.

административно планирање, ставаше акцент врз индустријализацијата и електрификацијата на земјата, а земјоделството требаше да ја алиментира така зацртаната политика на стопанскиот развој (теорија за "првобитната социјалистичка акумулација"). Како последица на судирот беше откажана планираната стопанска помош од страна на СССР и другите источно-европски земји, со што се одложи и реализирањето на Петгодишниот план на ФНРЈ, кој и така беше преамбициозен и нереален. Тогаш, како последица од стравот од воен судир со земјите на ИБ, дојде и до пренасочување на планот. Веќе постојните индустриски капацитети (во поразвиениот север на Федерацијата) се зајакнуваа, а Македонија како земјоделско подрачје требаше да биде суровинска база. Ваквата ориентација беше катастрофална за македонската економија ако се земе предвид постоењето на "ножици на цените" односно диктирање високи цени на идустриските во однос на земјоделсите производи заради извлекување екстрапрофит од земјоделството. А тој екстрапрофит беше потребен за индустријата и за зголемените воени потреби на државата.

Кога зборуваме за последиците од судирот на стопански план, неподелен е заклучокот дека една од најнегативните била ориентацијата за радикален курс на колективизација на селото според советскиот модел[28]. Таквата колективизација, иако краткотрајна, била катастрофална за севкупниот развој на земјоделството и селото во Македонија. Овој радикален курс беше практичен одговор што највисокото југословенско партиско-државно раководство го даде на обвинувањата од Сталин и советската партија во однос на критиките на југословенската аграрна политика[29]. Така, спротивно од својот, уште во 1947 година зацртан пат, потврден и на Петтиот конгрес на КПЈ, тоа почнува да "подлегнува" на една "остра" линија на аграрната политика. Новиот курс, заземен на Вториот пленум на ЦК КПЈ од почетокот на 1949 година и со него инаугурираната политика низ целата 1949 година, се смета за "пораз" во аграрната битка во поширокота идеолошко-политичка војна со Сталин[30]. Вториот пленум (28 - 30.1.1949 г.)[31], во некоја рака, претставува меѓа до

---

[28] Види: Lešek Kolakovski, *Počeci stalinizma,* "Ideje", god. XV, 1/84, s. 37-69.

[29] Суштината на Сталиновите критики на југословенската аграрна политика и соодветните оптужби, изречени на адреса на КПЈ, беа изнесени во двете писма на ЦК СКП (б) до ЦК КПЈ - од 27.3.1948 и од 4.5.1948 година. (Види: *Писма ЦК КПЈ и писма ЦК СКП(б),* Београд 1948).

[30] Arhiv CK SKJ, fond: Plenumi, II/1, Stenogram, 17.

[31] Arhiv CK SKJ, fond: Plenumi, II/1-8, Materijali sa Drugog plenuma CK KPJ održanog 28-30 januara 1949 godine. По предлог на Ј. Б. Тито, одлука за свикување Пленум со прва точка "Селанското прашање" донесена е на седницата на Политбирото од 10.1.1949 година (Arhiv CK SKJ, III/38), а за референт е одреден Е. Кардељ. Во расправата на Политбирото, после титовата оценка дека во развитокот на социјализмот на село има и "леви" и "десни" свртувања, дискутантите се согласиле дека "на борбата против кулаците треба да се пристапи

која југословенската аграрна политика, покрај следењето на некои советски искуства, главно се развивала според приликите во земјата, а потоа под притисокот на ИБ почнува да ги занемарува сопствените услови, иницирајќи практика на материјално и општествено несоодветна аграрна колективизација.

Во годините на колективизацијата (1949-1953), македонскиот селанец, се соочил со суровоста на новопечените "народни" претставници за кои исполнувањето на партиската директива беше услов за напредување во државно-партиската хиерархија. Овие новопечени "народни" претстаници газеа врз честа и достоинството на селанецот и со примена на психолошка и физичка тортура го присилуваа да се откаже од својот приватен посед[32]. Бројни се сведочењата за "терањето" на селаните да стапат во колективите, со најразлични средства и примена на насилство[33]. Низ документацијата мошне нагласено се зборува за појавата на "непријателски елементи" со кои УДБ-а и другите органи бескомпромисно се пресметувале. Со оглед на тоа што новата власт во селанството имаше дотогаш голем и лојален сојузник, врз чии плеќи лежеше целокупниот развој, мошне е индикативна појавата на толку многу "непријатели на социјализмот" на село[34]. Во прилог кон сето горе кажано, зборуваат и ригорозните казни во многубројните судски процеси против земјоделците за нивното истапување против задругите[35].

---

конкретно и индивидуално, држејќи се сега до принципот на ограничување на капиталистичките елементи на село".

[32] Во својата упорност за стриктно следење на партиската линија, без оглед на условите, поединци од органите на теренот често претерувале во своето самодокажување, посебно ако се има предвид нивното ниско културно-образовно ниво и идеолошка ограниченост, барајќи и пронаоѓајќи "кулачки" и "шпекулантски елементи" внатре и надвор од СРЗ, а неуспехот на одредена директива веднаш го поврзувале со делувањето на "непријателските" елементи (АМ, п.о. Скопје, Ф: Околиски комитет на СКМ - Скопје, к-1, Информација, за политичката состојба во СРЗ во Скопска околија, 1950).

[33] Бројни се придружните писма на Комисијата за село при ЦК КПМ до околиските народни одбори, во кои таа одговара на тужби и жалби на задругари кои тврделе дека се присилени да влезат во СРЗ. Во најголемиот број случаи одговорот гласи: "Наводите во поплаката не се верни бидејќи задругата не е формирана со присилувања и разни заструшувања..." (АМ, ф: ЦК СКМ, Комисија за село, к-17, Придружни писма до ОНО).

[34] Со употреба на оружје и сила, биле загушени и организираните масовни бунтови од страна на селанството во Радовишко, во повеќе села во Кичевско, Кумановско и други места.

[35] Да се наведат сите примери на насилство врз селанството во формирањето на СРЗ, потребен е далеку поголем простор. Документите се многу оскудни, а живите сведоци раскажуваат многубројни потресни драми на присила со која биле терани да влезат во колективот - СРЗ (АМ, ф: Вариа, II/191, Прегледи и анализа на судските процеси на земјоделците; АМ, ф: ЦК СКМ, Комисија за село, к-17, Преглед на задругарите кои се

Најчесто непријателската дејност на "кулачките" елементи во СРЗ се поврзувала со дејствувањето на Информбирото, балистите и ВМРО[36], кои ширеле пропаганда против колективите користејќи наводно "некои малки несредовености во СРЗ".[37] Вака формулиран - како дејност на непријателски елементи[38], отпорот на селанството кон колективизацијата бил полесно кршен, без да се сфати неговата суштина и да се утврди за какви "непријатели" се работи. Земјоделците кои давале отпор за стапување во СРЗ, како "непријатели" на "социјалистичката преобразба на селото" биле одведувани во бројните тогашни логори, најчесто без судски процес, изложени на милост и немилост на самоволието на "народните" власти[39]. Прогласувањето на непријатели на СРЗ, било само повод

---

влезени во СРЗ, а казнети од народната власт во Скопската област; Придружни писма до околиските народни одбори во кои Комисијата за село при ЦК КПМ одговара на притужби и жалби на задругари итн.; АМ, ф: ЦК СКМ, Први конгрес на СКМ, к-27, Извештај екипе ЦК КПЈ о обиласку партиске организације у Македонији од 13 до 29 јуна 1951 године).

[36] Во овој период делувале некои поединци и групи на некогашната Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО), меѓутоа во март 1946 година била формирана нова организација ВМРО-СДРМА (ВМРО-Самостојна Демократска Република Македонија под протекторат на Америка), која во текот на 1949 година се трансформира и преименува во ВМРО-ПРАВДА. Оваа организација си постави за цел борба за обединета Македонија во рамките на било која федерација (југословенска, балканска итн.), но истовремено се бори за демократизација на општеството и посебно против насилничките методи на колективизацијата на македонското село (Глигор Крстески, *Отпори и прогони 1946-1950,* "Матица Македонска", Скопје 1994, 75).

[37] Како непријателска дејност се сметале и разните уфрлени пароли, како на пример: "Тито Затвор, Лазо Избегал", потоа ширењето на воена психоза: "Утре ќе биде рат", "Држте се уште три дена ќе се растурат" итн. (АМ, п.о. Охрид, ф: Околиски комитет на КПМ - Струга, Записник бр. 22, на вонреден состанок на ОК КПМ - Струга, 16.5.1950).

[38] АМ, ф: ЦК СКМ, Комисија за село, к-37, Информација о стању СРЗ у НР Македонији, 17.10.1950.

[39] Глигор Крстески, како член на ВМРО-Правда бил одведен без судење во логорот под планината Кајмакчалан, на регулација на коритото на реката Црна, во близина на селото Скочивар. Тој раскажува дека околу 90% од затворениците во овој логор биле земјоделци доведени без судење, заради отпорот што го давале при формирањето на СРЗ во нивното село. Повеќе месеци (7-8 месеци) нивните семејства воопшто не знаеле каде се и дали се живи. Логорот бил поставен на една голетинка, на припек, заграден со бодликава жица и со четири кули-митролески осматрачници на четирите агли. Логорашите биле чувани од затвореници кои се покажале посурови од официјално вработените во логорот. Луѓето биле изложени на исцрпувачка физичка работа низ камењарот и биле перманентно гладни. Добивале 350 грама леб дневно и тенок оброк од неколку резанки нељупени компири како течно јадење. Постојано жедни, пиеле минерална вода од некои мали изворчиња во планината, која била измешана со песок. Како последица од тоа, најголемиот дел од затворениците добиле тешки бубрежни заболувања. Облечени во традиционалните опинци, газејќи по камењата, затворениците ги набивале табаните, при што, имало случаи на добивање гангрена и ампутации. Во есента 1950 година, логорот бил преместен во Струмичко, близу селотот Босилево, на дренажните работи на блатото

да се врши репресија над посмелите и повлијателни селани чиј отпор се кршел со различни методи и претставувал пример за другите селани, кај кои, се сакало да се сосече во корен идејата за спротивстатвување на официјалната партиска линија[40].

Крајниот биланс на мерката за колективизација во земјодеството во Македонија беше бегство на македонското селанство и од селото и од земјоделството и депопулација на бројни македонски села. Идеолошката определба за интензивна колективизација не можела долго време да ги крие вистинските ефекти од задружното производство - неекономичноста, незаинтересираноста и нерентабилноста. Неоспорно е дека СРЗ биле копија на советските колхози и дека тие не можеле да се одржат во услови кога почнало распаѓањето на административниот систем на управување со стопанството. Тие во суштина биле одраз на онаа состојба и сфаќања со кои се карактеризирал периодот во кој настанувале и во практиката значеле силна девијација во аграрниот развиток, покажувајќи дека таквиот пат на "социјалистичка преобразба на земјоделството" не бил соодветен на историските услови[41].

По укинувањето на задолжителниот откуп на земјоделски производи (почетокот на 1953 година)[42], на 30.3.1953 година е донесена Уредба за имотните односи и реорганизација на СРЗ која наишла на силна антипропаганда во печатот и радиото на земјите на ИБ[43]. Основна цел на Уредбата била создавање услови за пробивање на елементарните облици на економска демократија содржани во принципите на доброволност и

---

Моноспитово. Тука наместо жега и припек, насекаде било блато, маларични комарци и нечиста вода за пиење. Овој логор, како и повеќето од ваков вид, бил укинат во март 1951 година.

[40] Биле одржувани бројни судења на одделни "непријателски елементи" за кои се сметало дека "организирано работеле против задругите и организирале испраќање на молби" за растурање на СРЗ. Ваквите судења привремено внесувале страв кај задругарите кои на овој начин биле "принудувани" да останат во СРЗ (АМ, ф: ЦК СКМ, Комисија за село, к-17, Информација о стању сељачких радних задруга, 1951; АМ, ф: Вариа, II/123, Извештај за новоформираните селански работни задруги во Кичевска околија).

[41] Прва оцена на етапата на колективизацијата дал В. Бакариќ во дискусијата на Шестиот конгрес на КПЈ. Порано, во мај 1949 година, неколку месеци по Вториот Пленум на ЦК КПЈ, Бакариќ укажува на погрешните сфаќања на кадрите во кампањата на создавањето на СРЗ. (*Слабостите при формирањето на задругите*, говор на Вториот Пленум на ЦК КПХ, мај 1949; Шести конгрес КПЈ, материјали).

[42] Задолжителниот откуп бил воведен во средината на 1945 година најнапред како привремена мерка, а потоа како траен систем (1947-1953) низ кој се вршела нееквивалентна размена помеѓу градот и селото. Селаните воделе своевидна битка со државата за да го задржат својот производ и да ги намалат задолжителните квоти за откуп, при што доаѓале до судир со органите на власта и биле репресирани (Arhiv Jugoslavije, 40-98-227, Izveštaj o sistemu i stanju snabdevanja u FNRJ, 15.5.1951).

[43] Arhiv Republike Slovenije, f: Rodbinski fond Edvard Kardelj, 33/4232.Informativni bilten DSIP, Strogo pov. 254, 1.06.1953

економска заинтересираност[44]. Продлабочувањето на овие интенции се чувствува со стапувањето во сила на Уставниот закон од 1953 година, а во истиот правец беше ориентиран и Шестиот конгрес на КПЈ-СКЈ. Меѓутоа, промашувањето во аграрната сфера од 1949-1953 остави трајни последици и долги лутања во барањето излези за поинтензивен развој на земјоделството во НРМ-СРМ.

Југословенската политичка мисла, со ретки исклучоци, во периодот некаде од педесеттите години речиси до распаѓањето на СФРЈ, говори за автентичниот југословенски пат во социјализам, самоуправувањето, Кардељевиот политички плурализам итн., со мошне мала доза на критичност за сето она грдо и регресивно што се случуваше во повеќедецениското опстојување на Авнојската федерација[45]. Нејзините претставници, пред сѐ, не направија посериозен обид да го објаснат Титовиот култ и автократска власт и постоењето на силни елементи на сталинизмот во практиката, под "самоуправниот чадор".

Корените на сталинизмот во Југославија се наоѓаа, во основа, во комунистичката идеологија изградена под коминтерновски диктат, од една страна, и во ниското материјално и духовно развојно ниво на општетсвото, од друга. Заради сето тоа можеше и да се изградува култ на личноста. Сепак, обидите на Југославија да се дистанцира од сталинизмот не треба да ги занемариме како историски факти. Друго е прашањето дали тие обиди за промени смениле нешто во суштината на тој политички систем и идеологија и во кој степен останале на нивото на декларативното.

Првите обиди на тој план се случуваа во промената на карактерот, улогата и името на КПЈ (КПМ) од раководна до водечка улога на СКЈ (СКМ)[46]. Вториот правец на промените беше насочен во областа на државно-сопственичкиот монопол, но без приватно-сопственички односи. Формално се прогласи општествена сопственост која се изроди во сечија и ничија со што, целото стопанство беше доведено на работ на пропаста. Сето тоа минуваше низ различни терминолошки фази: самоуправување, работнички совети, демократија со вокабулар од Парискатa комуна, здружен труд, самоуправни интересни заедници итн. Со децении југословенскиот државно-партиски врв се обидува да ги продлабочи

---

[44] Sl.list FNRJ, 14/1953.

[45] Статиите на Милован Ѓилас пишувани од крајот на октомври 1953 до почетокот на јануари 1954 година, означуваат едно цврсто убедување за неопходност од политичка трансформација на општеството кое би морало да оди малку понапред од простата негација на сталинистичката и државна хегемонија. Тие статии се всушност првите гласови на една модерна антидогматска реформа, која ги преминала границите на Југославија и скоро истоветно го погодувала и советскиот и тогашниот југословенски тип на социјализам.

[46] *Dokumenti 1948*, red. Vladimir Dedijer, Direktivno pismo svim centralnim komitetima KP republika, Beograd, 22 jun 1950 godina, dok. br. 247, knj. treća, "Rad", Beograd 1979.

промените кон изградување на подемократски систем, но притоа да не ја загрози со ништо сопствената положба и привилегии. Некои реформски зафати во тој правец навистина се евидентирани како историски факти, но сите тие се губат некаде на Сизифовиот пат до нив да се дојде, а потоа да бидат остварени. Основна тешкотија за нивното реализирање (од програмска цел во практика), се разбира покрај општесвено-економските услови кои не одговараа на замислената социјалистичка концепција на општествениот развој, лежи во веќе изградениот болшевичко-сталинистички тип на партија. КПЈ - СКЈ во практиката толку цврсто го држи монополот на власта така што не можела ни најмалку да отстапува од тој монопол и да ја ослабува својата "раководна улога". Составен дел и центар на таквиот монопол беше Титовиот неприкосновен авторитет и неговата автократска положба во тој систем.

Таквата своја положба Партијата ја оправдува со постоењето на силите на "контрареволуцијата", за да во деновите на југословенско-советскиот судир, главната острица биде насочена против "информбировците", луѓето кои виновни или невиновни биле прогласени за "советски шпиуни" и "клеветници" на својата татковина. Иронија на сето ова е тоа што комунистите не ја изгубија власта од "контрареволуцијата" против која се бореја и зад која се криеја. Тие не ја изгубија власта од "класните непријатели", туку самите преминаа на позициите на своите "класни непријатели".

Можеби е среќна околност што по вишокот репресија со која победничката Револуција најпрво се пресмета со поразената класа, а потоа со соборците кои самата ги прогласи за колебливи и малодушни или надвор од "линијата" ("класни остатоци", кулаци, автономисти, сепаратисти, информбировци, ѓиласовци, либерали, националисти, "граѓанска десница" итн.) југословенскиот државно-партиски врв сфатил дека револуцијата е повеќе менување на одредени правила и институции отколку истребување на луѓе.

Сè до крајот на осумдесеттите години сите иницијативи за промени во социјалистичките земји беа сопирани, но тркалото на историјата не можеше да се запре. Рушењето на закостениот свет на реалсоцијализмот се покажа како неминовен императив на историјата. Во тие процеси Република Македонија од 1991 г. го започна својот нов историски чекор како самостојна и суверена држава.

Violeta ACKOSKA

## CONFRONTATION WITH THE INFORMBIRO AND SOME PROCESSES IN MACEDONIAN SOCIETY (1948 - 1998)
(Summary)

The Soviet-Yugoslav confrontation from 1948 till 1998 caused numerous negative and hard consequences: replacing the democratic centralism with autocratic ruling in the CPY; violating of the low and introducing the practice to judge according to political assesses for caused "social damage", but not for breaking of the low; restitution of the regime of terror and violence in the prisons and working camps throughout FPRY;
introducing of the forcible and unsuccessful collectivization of the village without economic effects which resulted with the depopulation of the Macedonian village, etc.
The existence of the disagreement between the proclaimed democracy as an attempt to make a distance from the Stalinism and the real authoritative rule of the inviolable state and party leadership, after the death ofJosip Broz -Tito, brought to accelerated fall of his "revolutionary work". In Eastern Europe, as a result of the dismemberment of the communist federation, the new independent states have been created. One of these sates is the Republic of Macedonia.